РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-1070/9
20-05-2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

По утврдена повреда на член 63 став 1 и член 67 став 1 од ЗСКСИ од страна на лицето Кристијан Трајковски и доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката, кој не утврди повреда на одредбите од ЗСКСИ од именуваното лице, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-1070/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија постапуваше по предмет за постоење на сериозни индиции дека лицето Кристијан Трајковски – генерален директор на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката има влијание во постапка за вработување на блиско лице на одреден функционер.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката за достава на документацијата која се однесува на постапката за вработување на лицето Радица Солевски – сопруга на Претседателот на совет на општина Кочани, Томе Солевски.

По разгледување на доставената документација од страна на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката за лицето Радица Солевски, Државната комисија констатира дека е добиена согласност од Министерство за финансии за повеќе работни место, меѓу кои и за работното место на кое е вработено наведеното лице. По добиената согласност донесена е Одлука за потреба од засновање работен однос на неопределено време бр.02-3394/1 од 201.03.2018 година од страна на АДИССДП. Објавен е оглас за потреба од вработување на 39 работници на неопределено време за 27 работни места меѓу кои и за работно место „Координатор" во подружница Кочани. За спроведување на постапката за вработување по објавен оглас формирана е Комисија за спроведување на истата постапка. Спомената комисија изготвила Извештај за административно-техничка обработка на пристигнатите пријави по распишаниот оглас за


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

потреба од работници за работно место „Координатор" во Подружница Кочани. Во извештајот е утврден бројот на пријавени кандидати, уредни и неуредни пријави.

**Нема спроведено интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите, нема ранг листа, ниту записник за бодирање на кандидатите.**

Вака изготвениот извештај е доставен до Генералниот директор на АДИССДП за избор на кандидат по Јавен оглас со кој на работно место „Координатор" во Подружница Кочани е избрана Радица Солевски и со истата е склучен Договор за вработување со бр.04-5531/1 од 02.05.2018 година.

Во недостиг на ранг листа, ниту записник за бодирање на кандидатите што биле повикани на интервјуа, очигледно е постоење на висок степен на дискреција Генералниот директор да одредува со кое лице ќе се склучи договор за вработување, со што настанува прекшување на начелото на еднаквост и злоупотреба на дискреционото право од страна на службените лица.

Во овој случај, иако вработувањето е спроведено согласно Законот за работните односи кој иако изричито не предвидува одредена постапка при вработување за секоја област, во член 6 и 7 забранува секаква директна или индиректна дискриминација, што подразбира дека е обврска на работодавачот да донесе интерна постапка за спроведување на фер и транспарентна постапка за вработување.

Државната комисија констатираше дека од страна на одговорното лице на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката е повреден член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во вршењето на неговите дискрециони овластувања не ја донел одлуката совесно, водејќи сметка за сите факти и околности во конкретен случај.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија констатираше дека лицето Кристијан Трајковски – генерален директор на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката постапило спротивно и на член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради наведените причини, Државната комисија достави Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице Кристијан Трајковски – генерален директор на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката до Одборот на директори на истото Акционерско друштво.

По однос на поднесената Иницијатива, Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката достави одговор во кој е наведено дека не постојат основи за утврдување наодговорност на службеното лице Кристијан Трајковски – генерален директор на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката, во врска со постапка за вработување по Јавен оглас од 21.03.2018 година на лицето Радица Солевски. Исто така во наведниот одговор, Одборот на директори донел заклучок дека имајќи го предвид мислењето на ДКСК изнесено во доставената Иницијатива, а со цел да се спречат или

намалат евентуалните злоупотреби на широко поставеното дискреционо право на работодавачот, во Друштвото да се донесат интерни правила за начинот на спроведување на постапките за вработување.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Кристијан Трајковски, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК